Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 6/19 и 29/19) Градоначалникот на општина Струмица, објавува

**С О О П Ш Т Е Н И Е   З А   Ј А В Е Н   П О В И К**

Се организира повторена јавна анкета и јавна презентација на ДУП за дел од  Блок 30, УЕ 7, Општина Струмица, со површина од 1,17ха. Делот од Блок 30 со својата местоположба припаѓа на УЕ7, во централниот дел на градот и е лоциран помеѓу улиците:

- Од северната страна со улица „Боро Џони”, ул„Герас Цунев“ и ул„Кочо Рацин“,
- Од западната страна со улица „Кирил и Методиј”,
- Од јужната страна со улица „27ми Март”, ул„Герас Цунев“ и ул„Кочо Рацин,
- Од источната страна со улица „Херој Карпош”.

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Јавна анкета ќе трае од 03.05.2022 година до 10.05.2022 година.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34., на ден 05.05.2022 година во 11:00 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Бр.03-2855/4
21.04.2022 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов